СО ЕДНОГЛАСНА ОДЛУКА НА ВЛАДАТА ПОНИШТЕН ТЕНДЕРОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ТЕРМОЦЕНТРАЛАТА НА МАЗУТ



# ТЕЦ "НЕГОТИНО" ОСТАНА ДРЖАВНА КОМПАНИЈА

Економија

**Компаниите кои извисија на тендерот вложија големи пари, прво за да ја подигнат тендерската документација, што чини неколку илјади евра, потоа за банкарска гаранција, која според тендерските правила изнесуваше 10 отсто од понудената инвестиција, тука се и големите консултантски трошоци за подготовка на документацијата, а не треба да се занемари ниту фактот дека, покрај материјалниот аспект, со поништувањето на тендерот се нарушува и деловниот углед. Дали по сѐ ова што им се случи на овие петнаесеттина компании, приказната ќе заврши како што сака Владата, или ќе стартуваат лавина судски тужби, допрва останува да се види... Бидејќи секогаш некој мора да плати.**

Пишува: **Арсен КОЛЕВСКИ**

ТЕЦ "Неготино" останува како издвоен субјект во енергетскиот систем на Македонија во целосна сопственост на државата, одлучи Владата.

"Според тендерските правила го задржавме правото во било која постапка од процесот да го поништиме тендерот. Комисијата донесе одлука дека најцелисходно е ТЕЦ "Неготино" да остане 100 отсто во сопственост на државата, како дел од енергетскиот систем на Македонија, а не во состав на ЕЛЕМ, како што беше најавено", соопшти деновиве владиниот портпарол Ивица Боцевски.

Што се однесува до прворангираниот понудувач на тендерот за неготинската термоцентрала, конзорциумот "Хач", според Владата, тоа е завршена приказна.

Одлуката за поништување на договорот и за останување на ТЕЦ во државна сопственост Тендерската комисија ја донела едногласно, а потоа на својата седница и Владата го потврдила решението на комисијата. Тој уште додаде и дека поништувањето на тендерот нема негативно да влијае врз други странски инвеститори, затоа што е честа практика и во другите земји.

Но, според одредени правни експерти, Владата можеби ќе треба да плаќа милионски суми евра поради пропаднатиот, односно поништениот тендер за ТЕЦ "Неготино". Тие велат дека законско право на тужба имаат избраната компанија на тендерот, канадско-бугарскиот конзорциум "Хач", второрангираната американско-грчка компанија "Сенкап", но и сите други компании кои ги имаат исполнето тендерските услови, односно оние кои влегоа во претквалификација, а нив ги има 15. Така, државата, поточно Владата, може да добие низа тужби, затоа што се премисли и одлучи да не го продава ТЕЦ. Износот воопшто не би бил мал, предупредуваат експертите, напротив би можел да ја чини државната каса повеќе милиони евра. Бидејќи компаниите вложиле значителни пари, прво за да ја подигнат тендерската документација, што чини неколку илјади евра, потоа за банкарска гаранција, која според тендерските правила изнесуваше 10 отсто од понудената инвестиција, тука се и големите консултантски трошоци за подготовка на документацијата, а не треба да се занемари ниту фактот дека, покрај материјалниот аспект, со поништувањето на тендерот се нарушува и деловниот углед.

Инаку, од вкупно 15 квалификувани компании кои влегоа во трката за ТЕЦ "Неготино", во јули годинава Владата издвои само четири: "Хач", "Сенкап" и австриските ЕВН и "Вербунд". Иако претходно беа ставени во најтесниот избор, подоцна Владата ги дисквалификува последните две, затоа што ЕВН понудила 20 милиони евра за купување на термоцентралата, што е помалку од бараниот минимум од 38 милиони евра, а "Вербунд" затоа што имала доставено само писмо со намери и инвестиционен план. Како што е познато, "Хач" понуди 61 милион евра и нов објект од 500 мегавати, а "Сенкап" нудеше 68 милиони евра и нов објект со моќност од 600 мегавати.

**Останува нејасно зошто Владата се извлекува дека нема никаква одговорност за поништувањето на тендерот и изјавува дека во интерес на граѓаните и на државата е ТЕЦ "Неготино" да работи и да не се продава поради лошата енергетска ситуација. Имено, состојбата беше иста и пред неколку месеци, кога Владата ја убедуваше јавноста дека е најдобро термоцентралата да му се продаде на странски инвеститор, кој ќе изгради нов капацитет.**